**20250030028**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за учебници во основно и средно образование,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6454/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на
Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува подготовката, изборот, одобрувањето, издавањето и повлекувањето од употреба на учебниците за основните и средните училишта (во натамошниот текст: училиштата).

Член 2

(1) Учебник, во смисла на овој закон, е основно наставно средство, кое се користи во воспитно - образовниот процес во училиштата заради стекнување на знаење, вештини, систем на вредности, ставови и поттикнување на критичко размислување, унапредување на знаењето и развој на интелектуалните способности на учениците, а кои содржини се во согласност со наставниот план и наставната програма на основното или средното образование.

(2) Учебникот може да биде во печатена форма, во електронска и/или во дигитална форма.

(3) Под учебник во електронска форма, во смисла на овој закон, се подразбира учебник во електронска форма кој е идентичен со учебникот во печатена форма.

(4) Под учебник во дигитална форма, во смисла на овој закон, се подразбира учебник во електронска форма, кој е идентичен со учебникот во печатена форма, но е збогатен со мултимедијални содржини што претставуваат надополнување на основниот текст/лекцијата со филмови, анимации, видео прикази, галерија на слики, задачи, интерактивни задачи и слично.

(5) Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), го поставува учебникот во електронска и/или во дигитална форма на електронска платформа за учебници, која ја воспоставува Министерството.

Член 3

(1) Учебниците се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) За учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, учебниците се издаваат на јазикот и писмото на којшто се изведува наставата.

(3) Учебниците по странски јазици се издаваат на јазикот и писмото на кој се однесуваат, согласно со наставниот предмет.

(4) За учениците со попреченост се користат учебници чија содржина и/или форма се прилагодени на нивните способности, потреби и можности.

(5) Начинот на изработка на учебниците од членот 2 од овој закон, се утврдува со Концепцијата за изработка на учебник (во натамошниот текст: Концепцијата), која ја изработуваат Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото) и Центарот за развој на стручно образование (во натамошниот текст: Центарот), а ја утврдува министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот).

(6) Начинот на прилагодување на учебниците од ставот (4) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на училиштата со ресурсен центар.

Член 4

(1) Учебникот се изработува согласно Концепцијата, наставниот план и наставната програма за наставен предмет во основното образование, односно средното образование.

(2) Со Концепцијата се определуваат научно-стручните и методолошките основи на учебникот, развојните воспитно-образовни функции, основите за мотивација и самостојно учење, дидактичко-методските стандарди за изборот и систематизирањето на содржините, дополнителните текстови, визуелните прилози, како и соодветноста на јазикот според возраста на учениците и градењето јазична култура и техничките стандарди кои издавачот е должен да ги применува при изработка на учебник.

Член 5

(1) За еден наставен предмет се одобрува еден учебник за употреба.

(2) Одобрениот учебник од ставот (1) на овој член, училиштето задолжително го користи во наредните пет учебни години, освен учебниците за прво, второ и трето одделение кои се набавуваат секоја година.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во Концепцијата за основно образование, Концепцијата за средно образование и Концепција за средно стручно образование и обука, се утврдува за кои наставни предмети не се употребува учебник.

Член 6

(1) Учебниците за учениците во јавните основни и средни училишта се бесплатни.

(2) Средствата за учебниците од ставот (1) на овој член, се обезбедуваат од буџетот на Министерството, донации, заеми и легати.

(3) Издавачот има обврска да го пушти во слободна продажба одобрениот учебник за да биде достапен до учениците, по цена која не е повисока од откупната цена по која Министерството го откупило учебникот за тековната учебна година.

## II. НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ

Член 7

(1) Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на министерот формира Национална комисија за учебници за основно и средно образование (во натамошниот текст: Националната комисија).

(2) Националната комисија е составена од 21 член кои ги именува и разрешува Владата, и тоа: четири члена од високообразовните и научните установи од областа на јазиците, три члена од високообразовните и научните установи од областа на општествено-хуманистичките науки, четири члена од високообразовните и научните установи од областа на природните науки, математика и техника, три члена од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот и седум члена од основните и средните училишта од редот на наставниците.

(3) Владата именува претседател и заменик-претседател на Националната комисија од редот на членовите од ставот (2) на овој член.

(4) При именувањето на членовите на Националната комисија се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Републиката, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во основното и средното образование, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

(5) Претседателот, заменик претседателот и членовите на Националната комисија се именуваат со мандат од четири години и можат уште еднаш последователно да бидат именувани.

(6) Ако член на Национална комисија не присуствува, односно не го оправда своето отсуство од три последователни седници, министерот доставува предлог до Владата за негово разрешување.

(7) На претседателот, заменикот на претседателот и членовите на Националната комисија им следува надоместок за работата во Националната комисија, чија висина ја утврдува Владата, врз основа на присуството на седниците на Националната комисија.

Член 8

(1) Националната комисија ја уредува својата работа со деловник, на кој согласност дава министерот.

(2) Националната комисија за одржаните седници задолжително води записник.

(3) За својата работа Националната комисија изготвува годишен извештај и го доставува до Владата, најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година.

(4) Стручно-административните работи за Националната комисија ги врши Педагошката служба.

Член 9

Националната комисија ги врши следниве работи:

- од базата на рецензенти од соодветната научна област формира рецензентски комисии за ракописи на учебници,
- ако во базата на рецензенти нема кандидат од соодветна научна област, избира рецензенти за рецензентската комисија за ракописите на учебници од редот на наставници во основно, средно и високо образование, кои ги исполнуваат условите за рецензенти на ракописи на учебници,
- доколку утврди дека за некој наставен предмет е потребно да се вклучат и стручни лица/експерти од областа за спречување и заштитата од дискриминација, писмено се обраќа за добивање мислење до надлежните институции, согласно со закон,

- од редот на своите членови определува член известител кој на Националната комисија и доставува извештај за учебник, врз основа на стручните вреднувања за ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентската комисија за ракописи на учебници, како и од мислењето од Бирото, односно Центарот,
- ги разгледува позитивните стручни вреднувања на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии за ракописи на учебници и мислењата од Бирото, односно Центарот и одлучува дали стручните вреднувања, односно мислења, како и извештајот за учебник од членот известител, ќе ги прифати или нема да ги прифати,
- доколку оцени дека има суштински пропусти и недоследности во стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии за ракописи на учебници, може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија за ракописи на учебници и да формира стручен тим составен од најмалку три члена од редот на наставници во основно, средно и високо образование, кои се бираат од базата на рецензенти кои вршат повторно стручно вреднување на ракописите за учебници,
- донесува одлуки за одобрување и употреба на учебници, во основно, односно средно образование или одлука за невршење избор на ракопис за учебник и
- врши и други работи утврдени со закон.

## III. ОДОБРУВАЊЕ, УПОТРЕБА И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ

### Член 10

(1) Автор на учебник е лице државјанин на Република Северна Македонија, со завршено високо образование кое предава/предавало наставен предмет од иста или сродна област за кој е наменет учебникот и кое има најмалку десет години работно искуство како наставник или соработник во високо образование, односно како наставник во основно или средно образование по наставен предмет од иста или сродна област за кој е наменет учебникот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, автор на учебник може да биде и лице државјанин на Република Северна Македонија, со завршено високо образование кое предава/предавало наставен предмет во иста или сродна област за кој е наменет учебникот и кое има помалку од десет години работно искуство како наставник или соработник во високо образование, односно како наставник во основно или средно образование по наставен предмет од иста или сродна област за кој е наменет учебникот, за наставните предмети јазик и култура на српската, бошњачка, влашката, турската односно ромската заедница, како и наставните предмети кои за прв пат се воведуваат во наставата.

(3) По исклучок на ставот (1) на овој член, условите од ставовите (1) и (2) на овој член, не се применуваат за автор/и на учебници по странски јазик.

### Член 11

(1) Автор на учебник не може да биде вработен во Министерството, Бирото, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасните и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

(2) Претседател, заменик-претседател и член на Националната комисија, како и претседател и член на рецензентската комисија за ракописи на учебници не може да биде автор на учебник.

Член 12

(1) Бирото, односно Центарот, наставните планови и наставните програми за кои треба да се обезбеди учебник, ги доставува до Педагошката служба.

(2) Педагошката служба, во случај на утврдување на нови наставни планови и наставни програми од ставот (1) на овој член, или ако се врши изменување или дополнување на повеќе од 30% на постојните наставни планови и наставните програми, објавува Конкурс за учебници (во натамошниот текст: Конкурсот), на интернет страницата на Министерството и истиот трае најмалку два, а најмногу шест месеци.

(3) Во Конкурсот се утврдуваат условите кои треба да ги исполни издавачот и стандардите што треба да ги исполни учебникот, согласно со Концепцијата.

(4) На Конкурсот може да учествува издавач само со еден ракопис за учебник за еден наставен предмет.

Член 13

(1) Издавачот на учебникот на Конкурсот конкурира анонимно и до Педагошката служба задолжително ја приложува следната документација:

- доказ за регистрана издавачка дејност од најмалку пет години,
- податоци за телефонски број, електронска адреса и адреса на седиштето,
- име и презиме на автор/и,
- за авторите уверение или диплома за завршено соодветно образование во оригинал или копија заверена на нотар, а авторите кои имаат завршено образование во странство, решение за признавање на странска високообразовна квалификација, издадено од Министерството,
- потврда за работен стаж за автор/и издадена од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
- изјава од автор/и дека ги исполнуваат условите согласно со членот 10 од овој закон,
- изјава од автор/и дека ракописите се проверени од содржински и технички аспект, дека преземените информации се референцирани и дека не се плагијат,
- доколку името и презимето на автор/и се разликува од името и презимето наведено во уверението или дипломата за завршено образование се приложува доказ за истоветноста на податоците,
- изјава за јазично уредување на текстот или потврда за положен испит за лектор, во оригинал или копија заверена на нотар,
- изјава од издавачот за обезбедени авторски права за илустрациите во ракописот и
- ракопис за учебникот ликовно и графички разработен и јазично уреден во форма на ракопис во пет примероци во печатена форма и еден примерок во електронска форма.

(2) Документацијата од ставот (1) на овој член, се доставува до Педагошката служба во затворен пакет, со назнака „не отворај“.

(3) Доколку ракописот за учебник е одобрен, издавачот најдоцна во рок од 15 дена, од денот на одобрувањето на ракописот за учебник, има обврска истиот стручно редактиран, ликовно и графички уреден, во електронска форма да го достави до Педагошка служба.

(4) Доколку на Конкурсот не конкурира ниту еден издавач или пријавените издавачи не ги исполнуваат условите, се објавува нов конкурс, односно конкурси.

Член 14

(1) Директорот на Педагошка служба од редот на вработените административни службеници во Педагошка служба, во рок од три дена од завршувањето на Конкурсот формира Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација (во натамошниот текст: Комисијата за шифрирање и проверка), од член (13) став (1) од овој закон.

(2) Членовите на Комисијата за шифрирање и проверка потпишуваат изјава за доверливост.

(3) Комисијата за шифрирање и проверка преку Педагошката служба, во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација, шифрираните ракописите за учебници ги доставува до рецензентската комисија за ракопис на учебник, формирана од Националната комисија и до Бирото, односно до Центарот.

(4) Бирото, односно Центарот, доколку нема забелешки на ракописот за учебник, во рок од седум дена од денот на приемот на ракописите за учебници, до Педагошката служба доставува стручно мислење.

(5) Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а Бирото, односно Центарот има забелешки на ракописот за учебник пред доставување на стручното мислење, истите ги доставува до Педагошката служба. Педагошката служба, преку Комисијата за шифрирање и проверка, забелешките ги доставува до издавачот. Издавачот е должен во рок од 14 дена од денот на приемот на забелешките од Бирото, односно Центарот, да постапи по истите и да го достави коригираниот ракопис за учебник до Комисијата за шифрирање и проверка. Бирото, во рок од пет дена од добивањето на коригираниот ракопис за учебник, дава стручно мислење и го доставува до Педагошката служба.

(6) Рецензентската комисија за ракопис на учебник врши стручно вреднување на ракописите за учебници, по дадено позитивно стручно мислење од Бирото, односно Центарот, согласно со Методологијата за вреднување на учебници и доколку нема забелешки, во рок од 14 дена од денот на формирање на рецензентската комисија за ракописи на учебник, мислењето го доставува до Педагошката служба.

(7) Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а рецензентската комисија за ракопис на учебник има забелешки пред доставување на стручното мислење, истите ги доставува до Педагошката служба. Педагошката служба, преку Комисијата за шифрирање и проверка, забелешките ги доставува до издавачот. Издавачот е должен во рок од 14 дена од денот на приемот на забелешките од рецензентската комисија за ракопис на учебник, да ги отстрани забелешките и да го достави коригираниот ракопис. Рецензентската комисија за ракопис на учебник во рок од пет дена од добивање на коригираниот ракопис, доставува мислење до Педагошката служба.

(8) Доколку од Бирото, односно Центарот или рецензентската комисија за ракопис на учебник, нема позитивно стручно мислење за одреден ракопис на учебник, постапката за тој ракопис за учебник се прекинува.

(9) По добивањето на двете позитивни стручни мислења од Бирото, односно Центарот и рецензентската комисија за ракописи на учебници, истите со ракописот за учебник, Педагошката служба ги доставува до Националната комисија, која од редот на своите членови определува член известител, кој и доставува извештај на Националната комисија за стручните мислења за ракописите за учебници за наставниот предмет од рецензентската комисија за ракописи на учебници и Бирото, односно Центарот.

(10) Членот известител, во рок од десет дена од денот на приемот на двете позитивни стручните мислења на ракописите за учебници од рецензентската комисија за ракописи на учебници и од Бирото, односно Центарот, како и ракописите за учебници, дава извештај.

(11) Националната комисија ги разгледува стручните мислења за ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии за ракописи на учебници и од Бирото, односно Центарот, како и ракописите за учебници и одлучува дали стручните мислења и извештајот од членот известител ќе ги прифати или нема да ги прифати.

(12) Националната комисија, по пат на јавно гласање, одлучува за одобрување и употреба на учебник или за невршење избор на ракопис на учебникот. Одлуката може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Против одлуката за одобрување и употреба на учебник или одлуката за невршење избор на ракопис за учење на Националната комисија, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(14) Жалбата од ставот (13) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(15) По донесувањето на одлуката за одобрување и употреба на учебникот, Педагошката служба одобрениот учебник го внесува во Каталогот на одобрени учебници.

(16) Учебникот за кој е донесена одлука за одобрување и употреба, во дигитална форма се користи по претходно добиено позитивно мислење од Бирото, односно Центарот.

(17) Ако Националната комисија одлучи за невршење избор на ракопис за учебник, се објавува нов конкурс, односно конкурси.

Член 15

(1) Педагошката служба води база на рецензенти.

(2) Начинот на запишување во базата на рецензенти, начинот на работа и висината на надоместокот на рецензентите ги пропишува министерот.

(3) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член, ја утврдува министерот врз основа на бројот на рецензирани ракописи за учебници, односно рецензирани учебниците по странски јазици.

(4) Националната комисија од базата на рецензенти од ставот (1) на овој член, формира рецензентска комисија за ракописите на учебници која дава стручно мислење за ракописите за учебници по соодветниот предмет, согласно со Методологијата за вреднување на учебници што ја изработува Бирото, во соработка со Центарот, а ја утврдува министерот.

(5) Рецензентската комисија за ракописи на учебници е составена од три члена, и тоа:

- двајца рецензенти наставници од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава и

- еден рецензент наставник од основно, односно средно училиште соодветен за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, доколку нема доволен број на рецензенти превидени во ставот (5) алинеја 1 на овој член, рецензентската комисија за ракопис на учебник е составена од:

- еден рецензент наставник од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава и

- двајца рецензенти наставници од основно, односно средно училиште соодветни за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава.

(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, за наставните предмети јазик и култура на српската, бошњачката, влашката, турската, односно ромската заедница, како и за предметите кои за првпат се воведуваат во наставата, рецензент може да биде и лице со завршено најмалку високо образование од областа на која припаѓа наставниот предмет за кој е наменет учебникот и кој има најмалку пет години работно искуство како наставник или соработник во високото образование, односно како наставник во основно или средно образование по соодветниот наставен предмет за кој е наменет учебникот.

(8) Во составот на рецензентската комисијата за ракопис на учебник кој е наменет за учениците кои ја следат наставата на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, еден од членовите може да биде од редот на припадниците на заедниците за кои е наменет учебникот.

(9) Вработен во Министерството, Бирото, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот, Државниот испитен центар и во Центарот за образование на возрасни, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, авторот на поднесениот ракопис за учебник, учебник по странски јазик и претседателот, заменик-претседателот и членот на Националната комисија или пак лице кое е во друг договорен однос со авторот кои би можел да влијае на објективноста на оценувањето, не може да биде член на рецензентска комисија за ракописи на учебници, за што доставува писмена изјава до Педагошката служба.

(10) Вработен во Министерството, Бирото, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот, Државниот испитен центар и во Центарот за образование на возрасни, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, авторот на поднесениот ракопис за учебник, учебник по странски јазик, претседателот, заменик претседателот и членот на Националната комисија, не смее со рецензентот да биде во роднинска врска по права линија во кој било степен, односно странична линија до трет степен, за што доставува писмена изјава до Педагошката служба.

Член 16

(1) Каталог на одобрени учебници за употреба е листа на учебници со важечко одобрение за употреба, кој го води Педагошка служба во електронска форма на веб-платформа на веб-страницата на Министерството.

(2) По донесувањето на одлуката за одобрување и употреба на учебникот, Педагошката служба го ажурира Каталогот на одобрени учебници за употреба.

(3) Формата и содржината на каталогот од став (1) на овој член, ги пропишува министерот, на предлог на Педагошката служба.

(4) Каталошката вредност на учебникот се утврдува врз основа на формула утврдена со уредба која ја донесува Владата, на предлог на Министерството.

Член 17

(1) Издавачот на одобрените учебници е должен:

- да испечати учебник согласно со одлуката за одобрување и употреба на учебник,

- да изврши превод, стручна редакција, ликовно, графичко и јазично уредување на одобрениот учебникот на јазиците на кои се изведува наставата во училиштата,

- да обезбеди тираж по доставено барање од Министерството, а согласно членот 24 став (4) од овој закон, за времетраењето на одлуката за одобрение за употреба на учебник,
- да обезбеди едитирачка форма на одобрениот учебник за потребите од прилагодување и печатење на истиот за учениците со попреченост, по претходна согласност од авторот,
- да обезбеди учебник во дигитална форма, доколку истото биде побарано од Министерството,
- да обезбеди слободна продажба на учебникот, согласно со алинеите 1 и 2 на овој став и
- да понуди цена за учебник најмногу до висина утврдена во Каталогот на одобрени учебници за употреба.

(2) Правата и обврските помеѓу издавачот и Министерството, меѓусебно се уредуваат со договор, кој особено содржи: предмет на договорот, вредност на договорот, правата и обврските на издавачот и Министерството, рок на испорака и прием на учебниците, квалитет на учебниците, начинот на плаќање, казнени пенали и договорна казна, надомест на штета и услови за раскинување на договорот.

(3) Министерството формира комисија составена од пет члена, вработени административни службеници во Министерството, кои утврдуваат дали се исполнети обврските од став (1) на овој член. Доколку издавачот не постапи согласно став (1) на овој член, престанува да важи одлуката за одобрение за употреба на учебник и истиот се брише од Каталогот на одобрени учебници за употреба.

(4) Против одлуката од став (3) на овој член, издавачот има право да поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

(5) Жалбата од став (4) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Во случаите од став (3) на овој член, се објавува нов конкурс, односно конкурси.

Член 18

(1) Педагошката служба, согласно со донесените наставни планови и наставните програми, објавува јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на интернет страницата на Министерството.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член, трае најмалку десет дена, а најмногу три месеци, од денот на неговото објавување.

(3) На јавниот повик од ставот (1) на овој член, може да се јави издавач од друга држава во која е регистриран за издавачка дејност, преку законски застапник во Република Северна Македонија, со најмногу еден учебник за одделение/година за еден наставен предмет за странски јазик.

(4) Законскиот застапник на странскиот издавач до Педагошката служба, задолжително доставува:
- назив на странскиот издавач и законскиот застапник на странскиот издавач,
- доказ за регистрирана издавачка дејност на законскиот застапник на странскиот издавач од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постар од три месеци,
- изјава од странскиот издавач дека е регистриран за издавачка дејност заверена на нотар и преведена од овластен судски преведувач,

- ако земјата во која е регистриран странскиот издавач не ги издава документите утврдени во јавниот повик, Педагошката служба прифаќа изјава што странскиот издавач ја заверува кај надлежен орган во државата во која е регистриран,

- овластување за застапништво на законскиот застапник во Република Северна Македонија од странскиот издавач, заверено на нотар и преведено од овластен судски преведувач,

- договор склучен во државата на странскиот издавач, помеѓу овластениот законски застапник и странскиот издавач дека одобрениот учебник ќе го обезбеди и дистрибуира до важноста на решението од членот 19 став (10) од овој закон, заверен на нотар и преведен од овластен судски преведувач и

- учебникот по странски јазици во пет печатени примероци и еден примерок во електронска форма.

(5) За проверка на документацијата од ставот (4) на овој член, министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик (во натамошниот текст: Комисијата за проверка), од редот на вработените административни службеници во Министерството.

(6) Комисијата за проверка е составена од пет члена, од кои еден е претседател и четворица членови на комисијата. Стручно административните работи за Комисијата за проверка ги врши Педагошката служба.

(7) Комисијата за проверка е должна да ги разгледа пристигнатите барања, во рок кој не може да биде подолг од 30 работни дена од денот на формирањето на комисијата.

(8) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за проверка завршува со поднесувањето на извештај за работа на комисијата до директорот на Педагошката служба.

Член 19

(1) Директорот на Педагошка служба од редот на вработените административни службеници во Педагошката служба, во рок од три дена по завршувањето на јавниот повик, формира комисија за избор на рецензенти, на чиј предлог по случаен избор се избираат тројца рецензенти од базата на рецензенти од обласа на наставниот предмет, за членови на Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик.

(2) Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, се состои од:

- двајца рецензенти наставници од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава и

- еден рецензент наставник од основно, односно средно училиште соодветен за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку нема доволен број на рецензенти превидени во ставот (2) алинеја 1 на овој член, Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, е составена од :

- еден рецензент наставник од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава и

- двајца рецензенти наставници од основно, односно средно училиште соодветни за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава.

(4) На членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, им следува надомест чија висина ја утврдува министерот, врз основа на обемот и сложеноста на работата по учебник.

(5) Педагошката служба учебниците по странски јазици ги доставува до Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик и до Бирото.

(6) Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, во рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик, врши стручно вреднување на учебникот, согласно Методологијата за вреднување на учебник за што изготвува стручно мислење кое го доставува до директорот на Педагошка служба. Бирото, во рок од 14 дена од денот на добивањето на учебници по странски јазик, врши стручно вреднување на учебникот, согласно со наставната програма за соодветниот странски јазик, за што изготвуваат стручно мислење, кое го доставуваат до директорот на Педагошката служба.

(7) Секој член од комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик самостојно со пенкало ја пополнува Методологијата за вреднување на учебник за секој учебник по странски јазик поединечно. На Методологијата за вреднување на учебник се пишува називот на учебникот по странски јазик, одделението односно година, авторот/ите на учебникот името и презимето на членот на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик. Членовите не смеат да вршат корекции во Методологијата за вреднување на учебник.

(8) Одлуките на комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Стручното мислење се потпишува од претседателот и членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик и во два примерока се доставува до директорот на Педагошката служба.

(9) Во стручното мислење се наведува предметот и одделението/годината, за кои се однесува учебникот, насловот на учебникот, име и презиме на авторот/ите, издавачката куќа, како и образложено мислење за причините за одобрување или неодобрување на учебникот. Во завршниот дел на стручното мислење се наведува учебникот по странски јазик за кој комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик предлага да се даде одобрување за употреба.

(10) Директорот на Педагошката служба, врз основа на стручното мислење со предлогот за одобрување од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик и позитивно стручно мислење од Бирото, донесува решение за одобрување/неодобрување за употреба на учебник по странски јазик.

(11) Решението од ставот (10) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) Во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за одобрување /неодобрување од ставот (10) на овој член, издавачот од друга држава во која е регистриран за издавачка дејност, преку законскиот застапник во Република Северна Македонија, може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(13) Жалбата од ставот (12) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(14) По донесувањето на решението за одобрување и употреба на учебникот по странски јазик, Педагошката служба одобрениот учебник го внесува во Каталогот на одобрени учебници.

(15) Ако на јавниот повик не се пријави ниту еден странски издавач, се објавува нов јавен повик, односно јавни повици.

(16) Доколку Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик има предлог за одобрување на учебникот по странски јазик, но нема позитивно стручно мислење од Бирото од ставот (6) на овој член, постапката се прекинува и се распишува нов јавен повик/повици.

(17) Министерството откупува потребен број на одобрени учебници по странски јазици, заради обезбедување на бесплатни учебници во основното и средното образование.

Член 20

(1) Ако одобрениот учебник за странски јазик е заменет со ново издание од страна на издавачот, а измените не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот и се во согласност со наставната програма, за новото издание на учебникот може да се издаде ново решение за употреба на новото издание на учебникот.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) За употреба на учебникот од ставот (1) на овој член, издавачот поднесува барање до Педагошката служба најдоцна до 31 март, по што директорот на Педагошката служба формира комисија по случаен избор од базата на рецензенти и претставник од Бирото, која треба да даде мислење дали во учебникот има измени повеќе од 30% од содржината на учебникот и дали измените се во согласност со наставната програма.

(4) Барањето од ставот (3) на овој член, може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член, е составена од:

- еден наставник од факултетите од областа на наставниот предмет за кој е наменет учебникот со најмалку десет години работно искуство како наставник, односно соработник во високото образование од базата на рецензенти по случаен избор,
- еден наставник од основното, односно средното образование соодветно за наставниот предмет за кој е наменет учебникот со најмалку десет години работно искуство во настава од базата на рецензенти по случаен избор и
- еден претставник од Бирото од областа на наставниот предмет.

(6) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член, им следува надоместок чија висина ја утврдува министерот, врз основа на обемот и сложеноста на работата по учебник.

(7) Комисијата од ставот (3) на овој член, мислењето го доставува најдоцна во рок од 20 дена од денот на нејзиното формирање, до директорот на Педагошката служба.

(8) Врз основа на мислењето на комисијата од ставот (7) на овој член, директорот на Педагошката служба донесува решение за употреба на новото издание на учебникот од ставот (1) на овој член, односно донесува решение со кое се одбива барањето на издавачот од ставот (3) на овој член.

(9) Против решението од ставот (8) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(10) Жалбата од ставот (9) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 21

(1) Законскиот застапник на странскиот издавач на одобрените учебници по странски јазици е должен:

- да обезбеди учебник согласно со решението за одобрување на учебник за употреба,
- да обезбеди учебник согласно решението за употреба на новото издание на учебникот согласно со членот 20 став (8) од овој закон,
- да обезбеди тираж согласно со барањата на училиштата за времетраење на решението за одобрување на учебник за употреба и
- да обезбеди слободна продажба на учебникот, од алинеја 1 на овој став, пред почетокот на учебната година.

(2) Ако законскиот застапник на странскиот издавач не постапи согласно со ставот (1) на овој член, престанува да важи решението за одобрување за употреба/решение за употреба на ново издание на учебникот и учебникот се брише од Каталогот на одобрени учебници.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, се објавува нов јавен повик, односно јавни повици.

Член 22

Во учебникот кој е внесен во Каталогот на одобрени учебници, се внесуваат следните податоци:

- назив на учебникот,
- назив на предметот, одделение/година и образование,
- број и датум на одлуката/решението со која се одобрува учебникот за употреба,
- посебни напомени во врска со печатење и употреба (сектор, квалификација, редовен/изборен наставен предмет),
- име и презиме на автор/и на учебникот,
- име и презиме на рецензентите,
- име и презиме на илустраторот,
- име и презиме на лица кое извршило графичко и техничко уредување и правен субјект,
- име и презиме на преведувачот ако учебникот се преведува,
- име и презиме на јазичниот лектор,
- име и презиме на стручен редактор,
- име и презиме на уредникот,
- назив и седиште на издавачот,
- назив и седиште на печатарот,
- тираж на учебникот,
- година на печатење и

- ИСБН (ISBN) број или ЦИП Каталогизација во публикација на Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје.

Член 23

Учебникот не смее да содржи рекламни пораки, огласи или содржини кои промовираат дискриминација по која било основа за дискриминација предвидена во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Член 24

(1) Учебниците од членот 6 став (1) од овој закон, кои се внесени во Каталогот на одобрени учебници, можат да бидат во употреба најмногу пет учебни години, освен учебниците за прво, второ и трето одделение кои се обезбедуваат секоја учебна година.

(2) Наставниците се должни да им укажат на учениците и родителите дека учебниците се за петгодишна употреба и истите не смеат да се оштетуваат, потцртуваат или да се означуваат одделни делови од текстот во учебникот, освен учебниците за прво, второ и трето одделение.

(3) За потребниот број на учебници и замена на оштетени учебници за наредната учебна година, училиштето е должно да пополни образец во електронска форма за нарачка на учебници на интернет страницата „ucebnici.mon.gov.mk“ и истиот да го поднесе до Педагошката служба, за нарачка на учебници до крајот на мај во тековната година;

(4) Врз основа на нарачката од ставот (3) на овој член, Министерство врши набавка на учебници.

Член 25

(1) Ученикот по завршувањето на наставната година е должен да го врати на училиштето комплетот на учебници неоштетен, освен учебниците за прво, второ и трето одделение.

(2) Учениците кои се упатени на поправен испит, ги враќаат учебниците по завршувањето на учебната година.

(3) Ако ученикот не ги врати учебниците или ги врати оштетени, родителот, односно старателот е должен да плати надомест во висина од 70% од каталошката вредност на учебникот. За секоја наредна година на употреба, вредноста се намалува за 10% од каталошката вредност на учебникот.

(4) Секое училиште е должно да формира фонд на учебници.

(5) Директорот на училиштето е одговорен за фондот на учебници во училиштето.

(6) Директорот на училиштето, одделенскиот раководител, односно класниот раководител, наставниците и библиотекарите во училиштето, се одговорни за прием, складирање, доделувањето и враќање на учебниците.

(7) Ако Педагошката служба констатира дека училиштето постапува спротивно на одредбите од овој закон, за нарачка, прием, складирање, доделување и враќање на учебниците, го известува Државниот просветен инспекторат, кој постапува во рамките на своите надлежности и во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето, ја известува Педагошката служба за преземените мерки.

(8) Начинот на нарачка, прием, складирање, доделување и враќање на учебници ги утврдува министерот, на предлог на Педагошката служба.

Член 26

(1) Учебник се повлекува од употреба, ако:

- се донесе нова наставна програма или ако се врши изменување или дополнување на повеќе од 30% на наставната програма,
- не ги задоволува научно-стручните и методолошките цели,
- има суштински грешки и пропусти во учебникот или преводот на јазиците на кои се изведува наставата и/или
- содржи материја со која се навредуваат историјата, културата и другите вредности на граѓаните на Републиката,
- врз основа на мислењето од Бирото, односно Центарот од ставовите (6) и (7) на овој член,
- поради истек на времетраење на договорот за пренос на материјално авторско право, односно не се склучи нов договор меѓу Министерството и авторот/ите.

(2) За повлекување на одобрен учебник од употреба, министерот формира комисија составена од седум члена, од кои еден член од Министерството од редот на административни службеници, еден член од Педагошката служба од редот на административни службеници, два члена од редот на истакнати наставници и еден член советник од Бирото, односно Центарот од областа на наставниот предмет за која е наменет учебникот, еден член од Државниот просветен инспекторат и еден член наставник од наставнички факултет од областа на наставниот предмет.

(3) По предлог од комисијата од ставот (2) на овој член, министерот може да повлече од употреба одобрен учебник и да побара надомест на штета од издавачот согласно договорот од членот 17 став (2) од овој закон, од рецензентската комисија за ракописи за учебници и од Националната комисија, во зависност од утврдената грешка.

(4) На членовите на комисијата од ставот (2) на овој член, им следува надоместок чија висина ја утврдува министерот, врз основа на обемот и сложеноста на работата по учебник.

(5) Учебникот се повлекува од употреба во рок од 15 дена од денот на донесување на решението за повлекување, за што Педагошката служба ги известува училиштата кои го употребуваат повлечениот учебник.

(6) За перманентно унапредување на квалитетот и осовременување на одобрениот учебник, по петгодишна употреба на учебникот од првото издание, по претходно мислење од Бирото, односно Центарот, Педагошката служба може да повлече од употреба учебник и да објави нов конкурс.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, и пред истекот од петгодишна употреба на учебникот од првото издание, по претходно мислење од Бирото, односно Центарот, Педагошката служба може да повлече од употреба учебник и да објави нов конкурс.

(8) Учебник кој е повлечен од употреба се брише од Каталог на одобрени учебници

(9) По повлекување на учебник од употреба се распишува конкурс, односно се објавува јавен повик за обезбедување на учебник.

Член 27

(1) По исклучок од членовите 2 и 5 од овој закон, за наставни предмети за кои е утврдена потреба за учебник, а за наставните предмети не се одобрени учебници согласно со членот 14 став (12) и членот 19 став (10) од овој закон, во училиштето наместо учебник можат да се користат материјали за учење изработени од Бирото.

(2) Материјалите за учење од ставот (1) на овој член, се изработени согласно со наставната програма и се замена за учебник се до негово одобрување.

(3) Материјалите за учење од ставот (1) на овој член, ги изработува Бирото.

(4) Во училиштата, освен учебници и материјали за учење, можат да се употребуваат и работни тетратки за да се постигнат одредени образовни цели утврдени со наставната програма за наставниот предмет, како и цели од меѓунаставни теми, кои поттикнуваат ученик-ученик и/или ученик - содржинска интеракција и истражување и/или групна работа. Работните тетратки треба да се усогласени со научните принципи и етичките норми, како и дека се педагошки, психолошки и дидактичко-методски погодни за употреба по наставниот предмет за кој се наменети.

(5) Барањето за одобрение на работна тетратка од ставот (4) на овој член, го поднесува издавачот на работна тетратка до Педагошката служба. Барањето може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Работната тетратка од ставот (4) на овој член, за употреба во училиштата, го одобрува Педагошката служба, по претходно добиено позитивно мислење од Бирото, односно Центарот.

(7) Решението за одобрување/неодбрување од ставот (6) на овој член, се донесува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (5) на овој член. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) Начинот на одобрувањето на работна тетратка од ставот (4) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Педагошката служба.

(9) Министерството може да откупи потребен број на одобрени работни тетратки од став (6) на овој член.

(10) Вработен во Министерството, Бирото, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот, Државниот испитен центар, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и во Центарот за образование на возрасни, не може да биде автор или издавач на работна тетратка од ставот (4) на овој член.

(11) Против решението за неодобрување од ставот (7) на овој член, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(12) Жалбата од ставот (11) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## IV. НАДЗОР

Член 28

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Државниот просветен инспекторат согласно своите надлежностите и овластувањата утврдени со закон.

(3) Постапката на инспекцискиот надзор од ставот (2) на овој член, се покренува и води според одредбите од овој закон, Законот за просветната инспекција и Законот за инспекцискиот надзор.

(4) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор утврди недостатоци, со решение изрекува опомена и определува рок во кој установата, е должна да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

## V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 29

(1) Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на основното, односно средното училишта, ако:

- не формира фонд на учебници (член 25 став 4 од овој закон),
- не организира прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници (член 25 став (6) од овој закон) и
- употребува работни тетратки кои не се одобрени од Педагошката служба (член 27 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одделенскиот раководител, односно класниот раководител, наставниците и библиотекарите од членот 25 став (6) од овој закон, за прекршокот од ставот (1) алинеја 2 на овој член.

(3) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на основното, односно средното училишта, ако:

- употреби учебници, кои не се одобрени за употреба Националната комисија за учебници (член 14 став (12) од овој закон).
- употреби учебници по странски јазик, кои не се одобрени за употреба од директорот на Педагошката служба (член 19 став (10) од овој закон)

(4) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот, за прекршокот од ставот (3) на овој член.

Член 30

За прекршоците од членот 29 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 31

(1) За прекршоците утврдени во членот 29 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува директорот на средното училиште или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог, ги пропишува министерот.

Член 32

Средствата од глобите изречени од страна на државните просветни инспектори, се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 34

Постапките за одобрување и употреба на учебници кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 99/2009, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18).

Член 35

Учебниците одобрени до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да се употребуваат, се до донесување на решение за нивно повлекување од употреба.

Член 36

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 99/2009, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18).

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".